
Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
бр. 01-277/1
12. 03. 2024 год.
БИТОЛА

Изработува: **КЈП "Нискоградба"-Битола**

Разгледува: **Комисија за Јавни и комунални дејности при Советот на Општина Битола**

Усвојува: **Совет на Општина Битола**

Годишен извештај за работењето на КЈП "Нискоградба"-Битола во 2023година



Битола, март 2023

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ со о.о. БИТОЛА

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
КЈП НИСКОГРАДБА БИТОЛА

Бр. _____

_____2023год.
Битола

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за 2023 година

1. Дејности на претпријатието

КЈП Нискоградба – Битола како претпријатие формирано од локалната самоуправа за потребите на градот ги врши следните активности:

- одржување на фекална и атмосферска канализација,
- реконструкција и изградба на канализација и улици,
- одржување на градските улици во летни услови, како и одржување на улиците во зимски услови (зимска служба),
- врши и други работи од доменот на инфраструктурното уредување и дооформување на градски површини, согласно урбанистичките планови и годишните програми на Советот на Општина Битола.

2. Организирање

Од постоењето на претпријатието па се до денес процесот на трудот се вршеше на различни начини преку различни форми, со цел да се остваруваат поповолни резултати во извршувањето на работата. Денес процесот на трудот на претпријатието се извршува преку следните сектори, одделенија и оддели:

2.1 Сектор за Општи и правни работи и човечки ресурси

- Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси
- Одделение за јавни набавки

2.2 Сектор за Финансии, сметководство и комерција

- Одделение за финансиско сметководствени работи
- Одделение за комерција

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" со д.о. БИТОЛА

2.3. Сектор за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта и механизација

- Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта
- Одделение за механизација
- Оддел за припрема, проектирање и развој

Обавувајќи ја работата во секторите, одделенијата и одделот, работниците, работоводниот орган и раководителите меѓусебно се договараат за процесот на трудот со цел за што поуспешно остварување на резултатите од трудот и работењето на претпријатието.

3. Квалификациона структура

Успешното извршување на поставените задачи во работењето зависи и од квалификационата структура на вработените.

Квалификационата структура на редовно вработените на 31.12.2023 година е следна:

Пол	М-Р	ВСС	ССС	НСС	Вкупно
мажи	/	9	67	30	106
жени	1	7	17	2	27
вкупно	**1**	**16**	**84**	**32**	**133**

Од оваа табела може да се види дека со завршена магистратура имаме 1 вработен, со ВСС има 16 вработен, Средна стручна спрема имаме 84 вработен, а додека со ниска стручна спрема ВКВ, КВ, ПК има 32 вработени или 133 вкупен број на вработени на 31.12.2023 година.

4. Управување

Во КЈП "Нискоградба"-Битола , органи на управување се :

1) Управен одбор
2) Одбор за контрола на материјално - финансиско работење
3) Директор

1) Управниот одбор се состои од осум надворешни членови кои ги избира Советот на Општина Битола. Управниот одбор работи на седници кои ги свикува претседателот, а во негово отсуство и потпретседателот.

2) Одбор за контрола на материјално – финансиското работење е составен од пет члена кои ги одредува Советот со свој акт.

3) Со работата на претпријатието раководи Директор кој го именува (избира) Градоначалникот на Општина Битола.

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците се формираат помошни тела – комисии, кои можат да бидат постојани и повремени. Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира стручен колегиум кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

5. Финансов дел

Деловната 2023 година, КЈП "Нискоградба"-Битола ја заврши со добивка пред оданочување од **341.066,00** денари, односно **47.566,00** денари добивка по оданочување.

Табела 1: Структура на остварени приходи во 2023 година споредено со истите во 2022 година

ред. бр.	ПРИХОДИ	Остварени 2022 (3)	Планирани 2023 (4)	Остварени 2023 (5)	Индекс 5 : 3	Индекс 5 :4
1	2	3	4	5	6	7
1	Приходи од услуги	57,862,377.00	64,007,213.00	65,545,366.00	1.13	1.02
2	Приходи од канализација	69,803,777.00	70,500,000.00	67,787,637.00	0.97	0.96
3	Приходи од употреба на сопствени производи	2,093,133.00	2,500,000.00	2,076,647.00	0.99	0.83
4	Приходи од камати	596,988.00	500,000.00	622,417.00	1.04	1.24
5	Останати приходи од работењето	1,234,012.00	250,000.00	1,054,655.00	0.85	4.22
6	Приходи од донации	-	-	450,000.00	-	-
7	Други деловни приходи	142.596.00	50,000.00	50,516.00	0.35	1.01
	Вкупно	**131,732,883.00**	**137,807,213.00**	**137,587,238.00**	**1.04**	**1.00**

Во горната табела даден е индексот на остварените приходи во 2023 година споредени со остварените за 2022 година и индексот на остварените приходи во 2023 година споредени со планираните за 2023 година. Во 2023 година остварени се вкупни приходи за 219.975.00 илјади денари помалку од планираните. Приходите од услуги се зголемени во споредба со планираните за 2% или во вредност искажани за 1,538,153.00 денари. Во 2023 година

приходите од канализација се намалени во сооднос на планираните, односно истите искажани во вредност се намалени за 2,712,363.00 денари, ова намалување на приходите од канализација согласно нашите анализи се должи како резултат на заштедата на потрошена вода од страна на граѓаните и многу затворени станбени објекти согласно зголеменото иселување на граѓаните во општината.

Видно од табела 1 вкупните приходи остварени во 2023 година споредени со остварените приходи од 2022 година зголемени се за 4 % односно 5,854,355.00 денари.

Оваа разлика најповеќе се должи на приходите од услуги , приходите од услуги зголемени се за 13% во споредба со 2022 година или поточно истите зголемени се за 7,7 милиони денари.

Остварените приходи од канализација во 2023 година намалени се за 3% или за 2,01 милиони денари споредени со истите во 2022 година.

Оваа година приходите од употреба на сопствени производи се скоро идентични со остварените приходи во претходната 2022 година. Овие приходи изнесуваат 2,076,647.00 денари и се остварени приходи од изградба на нова и реконструкција на веќе постоечка канализациона мрежа изградена од сопствени средства со што се зголемуваат и основните средства (канализационата мрежа) на претпријатието.

Приходите од камати се однесуваат за пресметани камати за закаснети плаќања на сметки од граѓани за надоместок за канализација и камати за закаснети плаќања од правни лица и истите се зголемени за 4% споредено со 2022 година и изнесуваат 622,417,00 денари.

Останатите приходи од работењето намалени се за 15% споредено со 2022 година. Овој вид на приход го сочинуваат приходите од наплатени штети од Осигурителни друштва(рефундација), приходи од наплатени судски и нотарски такси, приходи од рефундација на плати и дополнителни приходи од минати години и истите во 2023 година изнесуваат 1,054,655.00 денари.

Приходите од донации во 2023 година изнесуваат 450,000.00 денари, тоа се доделените субвенции од општина Битола за набавка на машина за одзатнување на канализација и истата е набавена.

Во останати деловни приходи влегуваат приходите од отпис на обврски и други деловни приходи.

Во структурата на вкупниот приход со најголем процент учествуваат приходите од канализација од правни и физички лица и тоа со 49 % и приходите од услуги со 47 %.

Приходите од услуги ги сочинуваат приходите од услуги кон Општина Битола и услуги кон трети лица. Во прегледот подолу дадена е структурата на приходи од извршени услуги.

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" Битола

Табела 2:Структура на вкупните приходи од извршени услуги во денари

ред. бр.	Извршени работи	Извршено 2022	Планирано 2023	Извршено 2023	Индекс 5 : 3	Индекс 5 : 4
1	2	3	4	5	6	7
1	Изградба на нова канализација	23,049,559.00	18,847,694.00	34,641,827.00	1.50	1.84
2	Одржување на улици	10,651,227,.00	15,254,237.00	5,659,471.00	0.53	0.37
3	Поставување на сообраќајни знаци					
4	Зимска служба	13,728,566.00	14,502,135.00	11,205,007.00	0.82	0.77
5	Чистење на реки	1,424,840.00	1,428,571.00	1,424,840.00	1.00	1.00
6	Друга реализација	2,174,733.00	8,474,577.00	5,355,580.00	2,46	0.63
7	Сектор –општински инспекторат	-	-	1,587,841.00	-	-
8	**Вкупно за Општина Битола**	**51,028,925.00**	**58,507,213.00**	**59,874,566.00**	**1.17**	**1.02**
9	Извршени услуги за трети лица	6,833,452.00	5,500,000.00	5,670,800.00	0.83	1.03
10	**Вкупно реализација од услуги**	**57,862,377.00**	**64,007,213.00**	**65,545,366.00**	**1.13**	**1.02**

Од горната табела може да се види дека за Општина Битола извршени се услуги во 2023 година во вредност од 59,874,566,00 денари (без ДДВ) што е за 17 % повеќе од извршените услуги во 2022 година.

За други правни и физички лица извршени се услуги во вредност од 5,670,800.00 денари што е за 17 % помалку од извршените услуги во 2022 година.

Во 2023 година од вкупните приходи за услуги кон Општина Битола , приходите од изградба и реконструкција на канализациона мрежа зголемени се за 50 % во споредба со истите во 2022 година.

Приходите за одржување на улици изнесуваат 5,659,471.00 денари и во оваа група на приходи влезени се приходите од санација на ударни дупки со топол асфалт , санација на ударни дупки со пластичен асфалт, стабилизација на банкини со коцка и др.

Приходите од зимска служба изнесуваат 11,205,007.00 денари и се намалени за 18% споредено со 2022 година , истите зависат од временските услови и количеството на врнежи снег во тековната година.

Приходите од чистење на реки во 2023 година се идентични со приходите од 2022 година и изнесуваат 1,424,840.00 денари.

Приходите по основ на задолженија од општински инспекторат изнесуваат 1,587,841.00 денари

Преглед на трошоците на работењето по видови за 2023 год. спордени со истите во 2022 година

Вид на расход	Остварени расходи 2022	Планирани расходи 2023	Остварени расходи 2023	Индекс 4 : 2	Индекс 4 : 3
1	2	3	4	5	6
Потрошени суровини и материјали	14,732,485.00	15,000,000.00	16,926,579.00	1.15	1.13
Потрошена енергија	6,283,490.00	6,000,000.00	4,425,962.00	0.70	0.74
Отпис на ситен инвентар	867,657.00	850,000.00	667,848.00	0.77	0.79
Поштенски, телефонски GPJ и интернет услуги	740,782.00	700,000.00	759,587.00	1.03	1.09
Услуги за одржување на опремата	3,157,551.00	3,500,000.00	2,356,999.00	0.75	0.67
Услуги за обезбедување на имотот	633,095.00	650,000.00	716,935.00	1.13	1.10
Закупнина	120,000.00	120,000.00	163,913.00	1.37	1.37
Комунални услуги	242,359.00	300,000.00	195,913.00	0.81	0.65
Производни услуги	7,916,320.00	8,000,000.00	6,104,200.00	0.77	0.76
Услуги за читање на водомери	1,236,000.00	1,236,000.00	1,236,000.00	1.00	1.00
Услуги од агенции за вработување	5,671.264.00	4,500,000.00	5,721,056.00	1.01	1.27
Бруто плати	61,420,084.00	62,000,000.00	70,651,547.00	1.15	1.14
Амортизација	12,327,211.00	11,500,000.00	12,515,925.00	1.02	1.09
Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	5,750,692.00	6,000,000.00	4,392,609.00	0.76	0.73
Дневници за службен пат	203,514.00	300,000.00	400,997.00	1.97	1.34
Надомести на трошоци на вработените и подароци	1,678,915.00	2,500,000.00	151,025.00	0.09	0.06
Трошоци за Управен и Надзорен Одбор	840,000.00	840,000.00	935,396.00	1.13	1.13
Реклами,донации,репрезентацијаи Спонзорство	2,196,834.00	2,300,000.00	2,404,250.00	1.09	1.05
Премии за осигурување	475,890.00	600,000.00	1,504,167.00	3.16	2.51

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" со д.о. БИТОЛА

Банкарски услуги и платен промет	659,952.00	700,000.00	705,828.00	1.07	1.01
Даноци кои не зависат од резултат админи., судски и др. Давачки	491,993.00	550,000.00	536,796.00	1.09	0.98
Останати трошоци од работењето	1,689,643.00	2,000,000.00	2,016,533.00	1.19	1.01
Отпис на побарувања	401,652.00	5,000,000.00	140,472.00	0.35	0.03
Казни,пенали и надомести на штети од дејноста	62,480.00	100,000.00	219,209.00	3.51	2.19
Дополнително утврдени расходи од минати години	653,694.00	750,000.00	875,291.00	1.34	1.17
Ќамати од рабоењето со неповрзани друштва	555,023.00	650,000.00	503,134.00	0.91	0.77
ВКУПНО :	**131,008,580.00**	**136,646,000.00**	**137,246,171.00**	**1.05**	**1.00**

Од табеларниот преглед погоре се гледа дека вкупните расходи од работењето во 2023 се зголемени за 5% во споредба со остварените расходи во 2022 година.

-Кај потрошените суровини и материјали има зголемување од 15 % во споредба со овие трошоци од 2022 година. Потрошокот на материјали остварен е за изведување на градежните работи и истите зависат од обемот и видот на извршените работи. Дел од овие материјали потрошени се за поправки и одржување на канализационата мрежа во градот и истите паѓаат на терет на претпријатието. Во оваа група на трошоци влегуваат и потрошените канцелариски материјали, потрошените средства за чистење и одржување и други материјали кои се незначителни во споредба со градежните материјали. Заради зголемување на цените на пазарот што произле од економската состојба во државата, суровините и некои градежни материјали кои беа набавувани по повисоки цени во споредба со 2022 година.

-Потрошената енергија, гориво и мазиво во 2023 година споредено со потрошувачката во 2022 година покажува намалување за 30% што е резултат на стабилизација на пазарот на енергенсите, зголемената контрола на потрошувачката и домаќинското работење на претпријатието.

-Трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги зголемени се за 3% во споредба со истите во 2022 година.

- Кај трошоците за тековно одржување на опремата направена е заштеда и кај истите има намалување од 25 % во споредба со остварените во 2022 година или истите се намалени за 800.552,00 денари.

- Трошоците за обезбедување на имот покажуваат зголемување од 13% споредено со минатата година.

- Трошоците за закупнината се зголемени за 37 % споредбено со минатата година имено оваа година како дополнителен трошок се јавува закупнината за престој на вработен во град Скопје кој беше ангажиран за евалуација за избор на изведувач за пречистителна станица за општина Битола.

- Трошоците за комуналните услуги се намалени за 19 % .

Комунално јавно претпријатие "НИСКОГРАДБА" ДОО Битола

-Трошоците за производни услуги споредени со 2022 година покажуваат намалување од 23 %, односно намалени се за 1.812.120,00 денари. Во оваа група влегуваат трошоците за подизведувачи, регистрација на возила и останати услуги.

-Трошоците направени за читање на водомерите се идентични со претходната година и согласно со планираното. Секој месец КЈП Нискоградба плаќа надоместок за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП стрежево за технолошката вода.

- Кај трошокот за услуги од агенции за вработување се забележува зголемување од 1 % во однос на претходната година.

-Бруто платите како трошок учествуваат со 51% во вкупните трошоци на претпријатието во 2023 година. Истите зголемени се за 15% или за 9.231.463,00 денари споредено со остварените во 2022 година.

Зголемувањето на трошоците за бруто плати и трошоците за плати на привремено ангажираните лица преку агенција за вработување се должи на линеарното покачување на платите во месец Април 2023 година по 2.175,00 денари во нето износ и покачување од 10 % во месец Септември 2023 година.

- Согласно сметководствените политики на претпријатието амортизацијата за 2023 година пресметана е по стапки утврдени во номенклатурата за пресметка на амортизацијата. Истата пресметана е по пропорционален метод и е зголемена за 2% или за 188.714,00 денари.

-Трошоците за регрес, отпремнини и други надоместоци на вработените се исплаќаа според колективниот договор и истите намалени се за 24% споредени со минатата година.

- Дневниците за службени патувања изнесуваат 400.997,00 денари.

- Надоместоците на трошоци на вработените во 2023 година се намалени за 1.527.890,00 денари во споредба со истите од 2022 година.

- Трошоците за Управен и Надзорен одбор се зголемени за 13 % во споредба со истите во 2022 година.

-Трошоците за спонзорства, реклами и репрезентација зголемени се за 9 % во споредба со 2022 година. Најголем дел од овие трошоци се за спонзорства и донации во износ од 2.330.468,00 денари и истите се однесуваат за културни манифестации, за спортски клубови, спонзорства на синдикатот за тековното работење, но голем дел од истите се за дадена помош за лекување по поднесени барања од граѓани по донесени одлуки од Управен Одбор. За репрезентација потрошени се 73.782,00 денари.

-Трошоците за премиите за осигурување во 2023 година зголемени се за 1.028.277,00 денари во споредба со 2022 година. Истите се зголемени како резултат на зголемувањето на цените на услугите за осигурување.

- Кај трошоците за банкарски услуги и провизии, постои зголемување од 7% во споредба со истите од претходната година.

- Кај ставката данок на имот, членарини, судски и нотарски такси има зголемување од 9% споредено со 2022 година. Трошоците за судски и нотарски такси се наплаќаат од странките при наплата на тужените побарувања и истите се книжат на страната на приходи на претпријатието. Ова значи дека само трошоците на ненаплатените тужби се стварни трошоци на претпријатието.

- Останатите трошоци од работењето зголемени се за 19 % во споредба со 2022 година. Тука влегуваат трошоци за адвокатски и нотарски услуги, останати интелектуални услуги, трошоци за извршители, компјутерски услуги и др. услуги кои не зависат од работењето на вработените.

- Согласно сметководствените политики на претпријатието вршени се отписи во текот на цела година во износ од 140.472,00 денари и тоа на побарувања за надоместок на канализација од физички и правни лица по барање на странките заради застареност, промена на сопственост, исто така се вршат отписи и врз основа на судски и стечајни решенија.

Најголем дел од отписите се прават за сторнирани сметки по добиени податоци од ЈП Водовод (еднаш или два пати месечно) заради усогласување на состојбите на водомерите.

- Надомести на штети од дејноста оваа година покажуваат зголемување за 156.729,00 денари.

-Дополнително утврдени расходи од претходни години, ова се трошоци кои не зависат од работењето на претпријатието, станува збор за конто на кое се евидентираат сторнираните сметки и фактури кои се од претходната година, а се изработени по извештај од ЈП Водовод. Кај истите постои зголемување од 34 %.

- Каматите од работењето со неповрзани друштва се намалени за 9 % во споредба со 2022 година.

Анализирајќи ја горната табелата на трошоци очигледно е дека најголеми трошоци направени се за бруто плати ,трошоци за привремено вработените преку Агнција за вработување, суровини и материјали, гориво,електрична енергија , трошоци за одржување на возилата, производни услуги, амортизација, трошоците од минати години и трошоци за вработените. Другите трошоци кои не се поврзани со процесот на работа не земаат голем процент во целокупните трошоци .

Остварените трошоци во 2023 се зголемени за 5% во однос на остварените во 2022 година и се скоро идентични со планираните.

Во 2023 година изградена е нова канализациона мрежа и извршени се други градежни работи во општина Битола на следниве улици и населени места:

- Парк Довлецик-поставување на урбана опрема

- Изградба на фекална канализација во С. Трново

- Реконструкција на мешовита канализација на ул. ЗБОРСКА

- Реконструкција на мешовита канализација во населба „Недопирливи“

- Санација на локални улуци и патишта со гребен асвалт

- Реконструкција на мешовита канализација на ул. „ДРАГОРСКА“

- Санација на ударни дупки со асвалт и коцка на улици и патишта во општина Битола

- Изградба на решетки и сливници во општина Битола

- Рек. на канализациона мрежа на ул. „СОЛУНСКА“

- Чистење на река Драгор

- Реконструкција на мешовита канализација во Горно Оризари

- Зимска служба -2023/2024

- Поставување на капаци и шахти за тежок сообраќај во населба Долно Оризари

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ ДОО Битола

Реализирана е изградба на канализација од сопствени средства во 2023 година на следниве локации:

- Реконструкција на канализациона мрежа на улиците Мукос, Драгорска од бр.50 до бр.58, на ул.21-ва бр.2 до бр.14 , на ул.21-ва од бр.18 до бр.26 , ул. Мирче Ацев бр.18а и на улица Томаќи Димитровски бр.2

- Санација на дефекти на канализациона мрежа на улиците: 7-ми Јули, ул. Караорман бр.111, ул.Илчо Стојановски , ул. 1-ва , ул.Видан Јанакиевски, ул.Трајче Магловски, ул.Маркс и Енгелс бр.14, ул.Бранко Радичевиќ,

-Поправки на сливник метални капак за тежок сообраќај на ул. Јадранска и ул.Широка со 7-ми Јули

- Интервенции при дефекти и прочистување на канализациона мрежа на улиците: Крсте Мисирков и ул.8-ма

Напомена: Трошоците за чистење и одржување на веќе постоечката канализациона мрежа како расход не се книжат на посебна сметка и истите се влезени во збирот на вкупните расходи. Овие трошоци се вкалкулирани во трошоците за материјали, гориво, плати и во некои други материјални и нематеријални трошоци и истите се пресметани со посебни калкулации.

Во 2022 година сопствената инвестиција за изградба на нова и реконструкција на стара канализациона мрежа со интерни ситуации е евидентирана на контото Приходи од употреба на сопствени производи во износ од 2.093.133,00 денари.

Во табела 4 прикажана е разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи и остварениот финансиски резултат. Во 2023 година остварена е добивка од **341.066,00 денари** пред оданочување или добивка по оданочување **47.566,00 денари.**

Табела 4 Распределба на вкупните приходи и расходи за 2023 година

	Распределба на доход	**2022 година**	**2023 година**
1	Вкупни приходи	131.732.883,00	137.587.238,00
2	Вкупни расходи	131.008.580,00	137.246.172,00
3	Добивка (загуба) пред одданочување	724.303,00	341.066,00
4	Данок од добивка,и непризн.расходи	468.411,00	293.500,00
5	Добивка по одданочување	**255.892,00**	**47.566,00**

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" Д.О.О. БИТОЛА

Во табела бр. 5 прикажани се нето плата, придонеси од плата и персоналниот данок како и просечната нето плата по работник исплатена во 2023 година, споредено со истите податоци во 2022 година.

Табела 5 Структура на платите за 2023 год. споредени со истите во 2022год.

Опис	*2022 г*	*2023 г.*	*индекс*
Нето плата	41.777.045,00	47.157.161,00	1.13
Придонеси од плата	16.598.473,00	19.794.677,00	1.19
Персонален данок	3.044.566,00	3.699.709,00	1.22
Просечен број на вработени	132	131	0.99
Просечна нето плата месечно	26.374,00	29.998,00	1.14

Од табела бр.5 може да се види дека кај просечната нето плата по работник има зголемување од 3.624,00 денари во 2023 година споредено со 2022 година.

Табела 6 Преглед на побарувања од купувачи на 31-12-2023 година

Побарувања	*2022г.*	*2023г.*	*индекс*
Од услуги од правни и физички лица	28.886.894,00	36.106.196,00	1.25
Од надоместок за канализа.од правни лица	18.369.769,00	18.231.606,00	0.99
Од надоместок за канализа. од домаќинства	27.917.580,00	30.950.612,00	1.11
Вкупно:	75.174.243,00	85.288.414,00	1.13

Вкупните побарувања на 31.12.2023 година изнесуваат 85.288.414,00 денари и истите се за 13% зголемени во споредба со 2022 година.

Табела 7 Преглед на обврски од добавувачи на 31-12-2023 година

Обврски	*2022г.*	*2023г.*	*индекс*
Обврски од добавувачи во земјата	7.364.789,00	7.561.196,00	1.03

Обврските кон добавувачи во земјата во 2023 година споредено со 2022 година се зголемени за 3 %.

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" Д.О.О. БИТОЛА

Заклучок

Деловната 2023 година КЈП Нискоградба – Битола ја заврши со добивка по оданочување од **47.566,00** денари. Раководниот тим со своето работење ќе се залага и понатаму да остварува позитивни финансиски резултати.

Изготвил:
Златанка Блажевска
Раководител на Сектор за финансии, сметководство и комерција

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансии и правни работи

Директор на КЈП „Нискоградба“ Битола
Зоран Талевски

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
БР. 02-2446
12.03 2024 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 12.03.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Годишниот извештај за работењето
на КЈП Нискоградба Битола за 2023 година

1.Се донесува Одлука со која во целост се усвојува Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2023 година.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување и усвојување до Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно законските прописи и Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница ја разгледа Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2023 година и одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
- Сектор за финансии, сметководство и комерција

Бр.02-244 /6
12.03.2024 година
Битола

Управен одбор
Претседател
Андреј Гинов
А. Гинов

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ БИТОЛА

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
БР. 02-243/5
12-03 2024 ГОД.
БИТОЛА

До

Управниот одбор на
КЈП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење-
За Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2023 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЈП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 12.03.2024 година го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за 2023 година и дава **Позитивно мислење** за истиот.

Најпрво беше разгледана приходната страна каде беше констатирано дека во 2023 година остварени се вкупни приходи во износ од 137,6 милиони денари . Со најголем процент во вкупните приходи учествуваат приходите од канализација од правни и физички лица и тоа со 49,3 % или во бројки по овој основ остварени се вкупно 67,8 милиони денари. Приходи од услуги кон правни и физички лица остварени се 65,5 милиони денари, приходи од употреба на сопствени производи 2 милиони и останати приходи 2,5 милиони денари.

Наспроти остварените приходи остварени се вкупни расходи во износ од 137,2 милиони денари. Со најголем процент во вкупните трошоци влегуваат трошоците за плати, останати трошоци и надоместоци на вработените, суровини и материјали, трошоци за електрична енергија и гориво, производни услуги и амортизација, Останатите расходи се во рамките на редовното работење.

Севкупно споредени приходите и расходите може да се зклучи дека остварена е добивка по одданочување од 47.566,00 денари.

Согласно горенаведеното Надзорниот одбор позитивно го отцени Годишниот извештај за работењето на КЈП Нискоградба – Битола за 2023година и дава предлог до Управниот одбор за донесување одлука за негово усвојување.

12.03.2024 година

Одбор за контрола на материјално финансиското работење

1. Александар Петровски
2. Георгина Ружин
3. Благој Ристевски
4. Мартина Мишевски
5. Јасмина Ристановска

